# Наши шуми

БРОЈ 48 ЈУНИ 2010

ЈП „МАКЕДОНСКИ ШУМИ“



**ЈП „ МАКЕДОНСКИ ШУМИ “ ПРЕТСТАВУВА МОСТ НА ДВЕ ГОЛЕМИ ДОБРА - РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НЕЈЗИНИТЕ ШУМИ**

**ДА ГИ ЗАЧУВАМЕ ШУМИТЕ ОД ПОЖАРИ !**


МЕХАНИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА НА ДРВОТО
ПРОЕКТИРАЊЕ И ТЕХНОЛОГИЈА НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР
Човек без образование е како дрво без корен
ОЗЕЛЕНУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
ШУМАРСТВО
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ
1947-2010
www.sf.ukim.edu.mk

Наши шуми

ISSN 1409-7850

*Импресум* Наши шуми број 48 јуни 2010

## сектори



По својата суштина Секторот за план и анализа претставува важна логистичка подршка во работењето на ЈП Македонски шуми

## разговор со повод



Оваа учебна година за прв пат се создаваат можности и услови за запишување на докторски студии во областа на шумарската политика во рамките на ФОПЕР

## ревизија



Службата за внатрешна ревизија во склопот на ЈП "Македонски шуми" формирана е во 2005 година.

## лов и ловен туризам



Солта им е потребна на сите преживари, но ја користи и останатата дивеч.

08 13 16 28

04 БЛИЦ
Конференција за печат,советување,дипломи...

07 ЕДИТОРИЈАЛ
Конференција за печат

08 СЕКТОРИ
Сектор за план и анализа

10 ПЛАН И АНАЛИЗА
Анализа на работењето за 2009

13 РАЗГОВОР СО ПОВОД
Со проф.д-р Александар Трендафилов

16 РЕВИЗИЈА
Служба за внатрешна ревизија

18 ФОПЕР
Развој на шумарската политика во РМ

22 ГИС СИСТЕМИ
Примена на Гис техники...

**Весник на ЈП за стопанисување со шуми *Македонски шуми***

•*Издавач* ЈП *Македонски шуми* • *За издавачот:* Жарко Караџоски, *генерален директор*
*Главен и одговорен уредник* Александар Флоровски•*Уредник* Соња Никчевиќ
*Редакција* : Соња Никчевиќ, Фатима Шкријељ • *Издавачки совет:* Жарко Караџоски, Александар Флоровски
Соња Никчевиќ, Анѓеле Спировски, м-р Слободанчо Климоски, м-р Костадинка Соколовска, Марјан Стојаноски
*Фото насловна:Бојан Симовски* • *печати "Ацетони"* Прилеп
Адреса: ЈП Македонски шуми, Ул. Перо Наков бб, Скопје• тел. 02/2581-080• факс 02/2581 824
maksumi@mkdsumi.com.mk • www.mkdsumi.com.mk

# КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ПЕЧАТ ВО ЈП МАКЕДОНСКИ ШУМИ



На 03.06.2010. година, во просториите на дирекцијата на ЈП Македонски шуми , се одржа Конференција за печат на тема **Продажба на огревно дрво во ЈП "Македонски шуми".** На пресот од страна на јавното претпријатие на новинарски прашања одговараа:

- г-дин Александар Флоровски -советник на директорот за Односи со јавност
- шум.инж. Љупчо Ивановски - помошник на директорот Сектор за комерцијално работење
- м-р Горан Стојковски - помошник на директорот Сектор за производство.

Од страна на медиумите имаше особено голем интерес за темата, а беа присутни екипи од скоро сите електронски и пишани медиуми, така што темата за продажбата и цените на огревно дрво беше комплетно опфатена.

## *Шумаријада - Војводинашуме*

Производно-спортските натпревари на работници од шумарството, шести по ред, се одржаа на 07.-08. мај, 2010.година, истовремено е едржано и 32. Државно првенство на секачи од Србија, во организација на ЈП Војводинашуме.




Оваа манифестација ја отвори Министерот за земјоделие, шумарство и водостопанство на Република Србија, г-дин Саша Драгин, а на присутните им се обратија и директорот на ЈП Војводинашуме, г-ѓа Марта Такач, извршниот директор на ЈП Србијашуме, г-дин Бранислав Илчиќ и претседателот на единствената синдикална организација, г-дин Раде Нишевиќ.

*На оваа манифестација присуствуваше делегација на ЈП македонски шуми, во состав: м-р Слободанчо Климоски-пом.директор во Секторот за лов и ловен туризам, Наум Будоски, пом.дир. - Сектор за расадничко производство, одгледување, подигање, хортикултура и екологија на шумите, м-р Тони Јованов, раководител на Служба за внатрешна ревизија.*

Организатори на оваа манифестација беа: Здружението на шумарски инженери и техничари на ЈП "Србијашуме" и ЈП "Војводинашуме", а покрај натпреварувачите од ови ЈП, во натпреварите учествуваа и Прехрамбено - шумарското училиште од Сремска Митровица и Средното шумарско училиште од Краљево, како и извршителите на сечата во ЈП "Србијашуме" и ЈП "Војводинашуме".

Секачите се натпреваруваа во 5 натпреварувачки дисциплини: соборување на стебло, свртување на водилица и замена на ланец, комбиниран пресек, прецизно пресекување и кастрење на гранки. Четирите првопласирани натпреварувачи си обезбедија учество на Светското првенство кое ќе се одржи во септември во Загреб, Хрватска.

Во рамките на 6. Шумаријада, работниците на ЈП "Војводинашуме" се натпреваруваа во 7 спортски дисциплини (мал фудбал, влечење на јаже, пикадо, одбојка, пинг-понг, гаѓање глинени гулаби и шах).

Покрај гостите од ЈП македонски шуми, на оваа манифестација учествуваа и уште 400 гости од земјата и странство.



## *Свечено доделени дипломите за завршени додипломски и постдипломски студии на шумарскиот факултет во скопје*



На 20 мај во просториите на Шумарскиот факултет во Скопје (ШФС) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (УКИМ), во рамки на одбележување на активностите за делото на сесловенските просветители и универзитетските патрони, свечено се доделија дипломите за успешно завршените дипломци и постдипломци на Факултетот.

На свеченоста, покрај в.д. деканот на ШФС, проф. д-р Александар Трендафилов, останатите членови на факултетската управа и вработените на ШФС, присуствуваа голем број на гости проректорот за меѓународна соработка на УКИМ, проф. д-р Моме Спасовски, г-дин Жарко Караџоски, директор на ЈП „Македонски шуми“, претставникот на Инженерската институција на Македонија кој го додели признанието „Инженерски прстен“ што традиционално се доделува на најдобро дипломираните студенти со инженерско звање, а е под покровителство на Претседателот на Република Македонија, претставници на други институции и организации поврзани со шумарството, како и многубројни стручни лица од областа на шумарството и студентите на Факултетот. Оваа година беа доделени 81 диплома за успешно завршени додипломски и 4 дипломи за постдипломски, односно магистерски студии.

## *"Меѓународно Шумарство и Проблеми на Глобално Ниво"*

Изминатиот месец во периодот од 17 до 21 Мај, под покровителство на Националниот институт за истражувања од област на земјоделството - INRA од Нанси, Франција, а во соработка со група институции меѓу кои и Европскиот Шумарски Институт - EFI од Финска, беше организиран меѓународен курс за докторанти.

За овој настан, под наслов "International Forestry and Global Issues" - „Меѓународно шумарство и проблеми на глобално ниво“, како локација за одржување беа искористени капацитетите на кампусот на францускиот институт INRA во Нанси, Франција.

Организиран на меѓународно ниво, на курсот беа примени и земаа учество 38 докторанти од повеќе земји во светот и тоа: Канада, Бразил, Мароко, Финска, Германија, Франција, Шпанија, Италија и Турција. Исто така, овој курс беше поддржан и од страна на FOPER II проектот, при што имаше и партиципанти од регионот на Југоисточна Европа, на кој се однесува проектот, од следните земји: Хрватска, Србија, Албанија, Босна и Херцеговина, како и од Македонија. Македонија ја застапуваа двајца идни докторанти од Мастер програмата FOPER и тоа м-р Марина Миовска и м-р Владимир Стојановски.

Курсот беше започнат и воден од меѓународниот дијалог за шумарска политика, притоа разјаснувајќи го терминот "глобални трендови". Од тука во рамките на глобалните трендови имаше посебно предавање за пазарот на дрвни и недрвни шумски производи и неговите трендови на глобално ниво. Посебен осврт беше даден на Конвенцијата за биодиверзитет, одржливото стопанисување со шумите, климатските промени и улогата на шумите, како значаен дел од глобалните трендови во шумарството.

Она што беше потенцирано како најзначајно на овој курс е дека релацијата политика-наука, односно донесувачите на одлуки и научниците во шумарството треба да биде на највисоко ниво, доколку сакаме да добиеме релеванти одговори на секој од горенаведените проблеми или предизвици.

Во делот за презентирање на овие проблематики, од страна на организаторите беа поканети голем број на експерти/професори вработени на факултети, афирмирани меѓународни организации од областа на шумарството и животната средина и тоа FAO, EFI, IUFRO и многу други.

Партиципантите од Р. Македонија на овој курс покажаа значителна активност и познавања на материјата, заради што беа оценети со највисоки оцени. Како резултат на тоа, добија понуда од координаторот на FOPER II проектот проф. Маргарет Шенон, да бидат стипендирани нивните докторски студии.

Шумарството е дејност која може да допринесе во огромен степен во националната економија на една земја. Учеството на курсеви од ваков тип на експерти од нашата земја е еден од начините кој ќе ни помогне кон постигнувањето на таа цел.

Доц. д-р Македонка Стојановска

## Советување: Противпожарна заштита во Република Македонија-искуства и предизвици



На 26 и 27 мај, 2010. година, во Хотел Дрим во Струга, во организација на Пртивпожарниот сојуз на Македонија и Влада на Република Македонија - Дирекција за заштита и спасување, се одржа советување на тема: "Противпожарна заштита во Република Македонија-искуства и предизвици".

Основна цел на советувањето беше на едно место да се соберат сите чинители на противпожарна заштита во Република Македонија, особено зашто, од осамостојувањето до денес системот на против пожарната заштита претрпе коренити промени, како во организациона, така и во смисла на законска регулатива.

На ова советување се направи пресек на состојбите во противпожарната заштита кај нас, во сите нејзини сегменти. Се понудија решенија за надминување на постоечките проблеми, со насоки за развој во иднина, во согласност со потребите на едно модерно и развиено општество кон кое се стреми Република Македонија.

На советувањето беа презентирани следните теми:

**• Систем за заштита од пожари во РМ од Љупчо Петрески - раководител на сектор во Дирекција за заштита и спасување • Професионално пожарникарство во РМ по трансферирањето на надлежноста од централната власт на локалната самоуправа, од Благоја Менковски - командант на ПП бригада, Скопје • Подготвеноста на ЈП "Македонски шуми" за заштита од пожари и соработка со останатите институции и организации во РМ од Јован Чаковски, пом.директор на Секторот за заштита на шумите во ЈП "Македонски шуми" • Доброволно пожарникарство во локалната самоуправа-правна регулатива, актуелни состојби и предизвици од Никола Бојковски - претсадател на ПС на Град Скопје • Правна регулатива, сктуелни состојби и предизвици во областа на сервисното одржување на ПП апарати и ПП инсталации од Милан Клопчевски "Огнопревент инженеринг "- Скопје. На советувањето присуствуваа повеќе претставници на институциите од државата кои се занимаваат со оваа област.**

## Изработен Постер на Шумарскиот Факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Наменет за Уписите 2010 Година

Шумарскиот факултет во Скопје (ШФС) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во рамки на активностите за промоција на оваа наставно-научна институција, единствена од оваа област во Република Македонија, во април годинава изготви промотивен постер. Постерот најмногу ќе им послужи на матурантите, односно идните студенти на ШФС, бидејќи содржи голем број на фотографии што вистински ја отсликуваат работата со младите што се одлучиле да студираат токму на овој Факултет. Сите фотографии се направени на ШФС, односно во просториите за следење на наставата - лабораториите, збирките, амфитеатрите, дендропаркот, арборетумот и расадниците, или пак за време на изведување на теренската настава и научните собири организирани од страна на ШФС и на студентите. Промотивниот постер го изработија инж. Бојан Симовски, помлад асистент на Катедрата за ботаника и дендрологија при ШФС (едновремено и автор на фотографиите), Марко Тасевски и Благој Николов, студенти во втора година на студии на насоката озеленување и унапредување на животната средина и членови на ДРЕН - здружение на студентите на Шумарскиот факултет во Скопје.

*Подготвил: Марко Тасевски, ДРЕН*




*Исправка:* Во Наши шуми 47, во текстот со наслов "*Резултати од директна конверзија во Конечка планина*", на страна 22, недостасува следната реченица: "резултатите од мелиорирањето на насадите"

# *Конференција за печат во ЈП Македонски шуми*



На 03.06.2010. година, во просториите на дирекцијата на ЈП Македонски шуми , се одржа Конференција за печат на тема ***Продажба на огревно дрво во ЈП "Македонски шуми"*.** На пресот од страна на јавното претпријатие на новинарски прашања одговараа:

- г-дин Александар Флоровски -советник на директорот за Односи со јавност
- шум.инж. Љупчо Ивановски - помошник на директорот Сектор за комерцијално работење
- м-р Горан Стојковски - помошник на директорот Сектор за производство.

Од страна на медиумите имаше особено голем интерес за темата, а беа присутни екипи од скоро сите електронски и пишани медиуми, така што темата за продажбата и цените на огревно дрво беше комплетно опфатена. Идејата за конференцијата беше да се разбијат одредени дезинформации кај медиумите и јавноста за висината на цената на огревното дрво, во складовите на ЈП. Имено, во прессот беше нагласено дека цената на огревно дрво ф-ко склад е:

- бука **2372,00** денари за 1 мпр, со вклучен ДДВ.
- даб **2453,00** денари за 1 мпр, со вклучен ДДВ.

Сите други цени со кои се манипулира се нереални и не се во склад со политиката на ЈП. Беше нагласено дека ценовникот за производи на ЈП го донесува УО, а го одобрува Владата на РМ.

Новинарите се интересираа и за други актуелни теми од шумарството како што се бесправните сечи, достапноста во загрозените подрачја со последните случувања во пограничната територија, третирањето на боровиот четник во зафатените подрачја...

Од страна на претставниците на јавното претпријатие, на сите прашања беше одговорено коректно и во рамките на професионалното и афирмативно претставување во јавноста на работата на ЈП Македонски шуми, што всушност беше и цел на оваа конференција за печат.



*Соња Никчевиќ*

# СЕКТОР ЗА ПЛАН И АНАЛИЗА - 
## логистичка поддршка во работењето на ЈП

***Секторот за план и анализа претставува значаен интегрален дел во системот на работењето на ЈП "Македонски шуми". По својата суштина тој претставува важна логистичка подршка во работењето на другите сектори, показател за насоката во која се движи претпријатието, како и основа од која се тргнува при донесување на деловната политика за идното работење на ЈП.***



**За работата на овој сектор, разговараме со помошник директорот, шум.инж. Томе Пачоски**

***Секторот за план и анализа претставува основна база на податоци за работењето на претпријатието. Работата на овој сектор е комплексна и сложена. За почеток да го појасниме начинот на работа на Секторот***

•Преку планирање, обработка и анализа на податоците добиени од сите подружници, овој Сектор го обединува и координира работењето во овој домен на ниво на ЈП, овозможувајќи во секој момент да се добие јасна претстава за резултатите од работењето и степенот на остварување на планските задачи. Истовремено, овој Сектор истапува и со сопствени иницијативи, предлози и програми, а со цел за поуспешно и порентабилно работење на претпријатието во целина. За извршување на работите од својот делокруг на работа, а со цел за:

•Квалитетна изработка на краткорочни и среднорочни планови на претпријатието, сообразени со Посебните планови за стопанисување со шумите, како и со општата макроекономска политика во државата и посебно во ресорот шумарство,

•Континуирано следење на извршувањето на планските задачи и, врз таа основа, предлагање на адекватни мерки за поуспешно работењеПримена на единствени норми засновани на научни и искуствени основи, како и во согласност со меѓународните стандарди од областа на шумарството и

•Натамошен развој и усовршување на информативниот систем во претпријатието, како и поактивна презентација на местото, улогата и значењето на шумарството во државата.

***Се до крајот на минатата година овој сектор функционираше како Сектор за развој, инвестиции, план и анализа...***

•Со одлуката на Управен Одбор за Измени и дополни на систематизација на работни места донесена на 07.12.2009. година, член 4. Секторот за развој, инвестиции, план и анализа се дели на два сектора и тоа:

Сектор за план и анализа и Сектор за развој и инвестиции, со соодветна организациона поставеност.

Со овој потег работата на Секторот значително се релаксира, сега се обрнува поголемо внимание на навремено и точно обработување на материјата. Вклопувањето во современите трендови во работењето на претпријатието бара конкретизирање на работата и брзи и ефикасни резултати.

***Кои се активностите и работните задачи кои Секторот за план и анализа ги презема во своето тековно работење?***

•За работата на овој Сектор, многу важна ставка е континуитетот на работата.

Задачите се извршуваат секојдневно а врз основа на добиените податоци се врши планирање на комплетните активности на Претпријатието.

За таа цел, во континуитет, односно преку целата година се извршуваат следните активности:

**1.** Изработка на Годишен производно-финансов план, како базичен документ во кој се планираат производните и финансиските активности на Претпријатието за наредната деловна година.

Овој план е основа за изработка на т.н. “оперативни планови” (месечни, квартални), преку кои непосредните извршители ги планираат и координираат своите активности,

**2.** Следење и анализирање на остварените производни и финансиски резултати од работењето на подружниците и претпријатието во целина. Врз основа на тоа се изработуваат месечни, квартални и полугодишни извештаи за резултатите од работењето. Како комплексен документ посебно треба да се издвои Анализата на работењето (по подружници и на ниво на ЈП) за изминатата година, која се усвојува на Управен одбор,

**3.** Следење и анализирање на трошоците потребни за извршување на планираното производство и, врз основа на тоа, поднесување на предлози за нивно намалување, рационализирање и усогласување со нормативите за работење во шумарството,

**4.** Врз основа на остварените производни и финансиски резултати од работењето, Секторот ги изработува коефициентите за пресметка на платите на подружниците и дирекцијата на ЈП,

**5.** Месечно следење на залихите по подружници,

**6.** Месечна пресметка на издвојувањето на средства за проста и проширена репродукција на шуми,

**7.** Анализи за извршениот учинок со сопствени и надворешни извршители по фази на работа и нивна искористеност во процесот на производство,

**8.** Изработка на калкулации за цената на чинење на 1м$^3$ огревно и техничко дрво по подружници и на ниво на ЈП врз основа на техничките норми и нормативи во шумарството.

***Сите овие материјали и документи претставуваат редовен линк со МЗШВ и Влада на РМ...***

•Секако дека сите документи кои ги работи секторот се од јавен карактер, но ние редовно праќаме определени документи до институциите од државата.

Овој дел од работата се манифестира со следните активности: изработка на месечни и квартални извештаи до одредени државни органи и институции, како што се:

- Тримесечен финансиски извештај за работењето на ЈП – до Министерство за финансии,
- Месечен извештај за трошоци за репрезентација, кои се однесуваат на плаќањата за службени ручеци и вечери во ЈП “Македонски шуми” – до Генералниот секретар на Владата на РМ,
- Месечна информација за извршени службени патувања во странство – до Генералниот секретар на Владата на РМ,
- Месечен извештај за исплаќање на хонорари на комисии – до Кабинетот на заменикот на председателот на Владата задолжен за економски прашања и
- Месечен извештај за производство, залихи и продажба на огревно дрво – до Државниот завод за статистика.

Покрај основните работни задачи, овој Сектор во тековното работење изработува и разни други анализи и извештаи по барање на менаџерскиот тим или ресорното Министерство.

***Прибирањето на податоците од подружниците претставува напорна и тешка работа. Кои се насоки и можни модели за модернизација во работата на секторот?***

•Навременото следење на податоците и промените во подружниците се најважен фактор за изготвување на документите во Секторот , па според тоа , планираме, во иднина да се забрза процесот на мрежно поврзување со сите подружници.

Со комплетната компјутеризација и мрежното поврзување се овозможува континуирано следење на сите промени на податоците, нивната веродостојност и точност.

Досега, во изминатиот период податоците ги добивавме по факс или лично од референтите со што значително потешко се правеа анализите кои се главни показатели на работата на претпријатието во целост.

Благовременета обработка на податоците како основа за планирање на целокупното материјално и финансиско работење на претпријатието е предуслов за добро планирање и реализација на производството, што всушност е наша главна цел.

Разговорот го водеше Соња Никчевиќ

# АНАЛИЗА НА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП "МАКЕДОНСКИ ШУМИ" ЗА 2009 ГОДИНА

***Анализата на работењето на ЈП„Македонски шуми„ во 2009 год.е изработена врз база на податоците за остварените производни резултати од работењето во сите основни и други дејности, како и врз основа на остварените финансиски резултати искажани во Завршната сметка заклучно со 31.12.2009 год.***
***ЈП„Македонски шуми" користењето на шумите го врши плански согласно Посебните планови за стопанисување со шуми, според намената и на начин кој обезбедува трајно зачувување и зголемување на вредноста на шумите, постојано зголемување на нивниот прираст и принос како и зачувување и унапредување на нивните општокорисни функции.***

Од анализата на податоците за извршените работи во областа на користење на шумите, се забележува дека во текот на 2009 год. е извршена сеча и изработка на 557.452,24 м$^3$ вкупна дрвна маса, од што на техничко дрво отпаѓаат 98.198,09 м$^3$ или тоа е 60% од планираната динамика за техничко дрво, а на огревно дрво 459.254,15 м$^3$ или 80% од планот за огревно. Споредено со планираната месечна динамика за сеча од Производно-финансискиот план за 2009 год. произлегува дека на ниво на ЈП сечата е извршена со 76%. Во вкупно посечената дрвна маса влегува и дрвната маса покрај пенушка во вкупна количина од 115.436,03 м$^3$, од што на техничко дрво отпаѓаат 13.609,69 м$^3$, а на огревно дрво 101.826,34 м$^3$.
Во вкупно посеченото техничко дрво, трупците од бука учествуваат со 54,42%, трупците од иглолисни видови учествуваат со 24,46%, 19,66% отпаѓа на обло и ситно техничко дрво и остатокот од 1,47% отпаѓа на трупци од даб и останати лисјари. Во вкупно посеченото огревно дрво на ниво на ЈП, огревното дрво од бука е 38,67%, од даб 40,91%, сечениците учествуваат со 17,91%, а остатокот од 2,51% се други тврди и меки лисјари, како и мешани дрвни видови.
Споредбените податоци за извршените работи во фазата сеча со 2008 год. покажуваат дека индексот на остварено е 0,88 или сечата е намалена за 12% што во апсолутен износ значи 77.268 м$^3$.

Дотурени се вкупно 437.707,78 м$^3$ или 66% од планираната динамика за дотур на вкупна дрвна маса, од што 89.219,45 м$^3$ или 57% од планираната динамика на техничко дрво за дотур, а 348.488,33 м$^3$ или 69% од планираната количина за дотур на огревно дрво.

Споредбата со 2008 год. покажува дека индексот на остварено е 0,84, а тоа значи дека дотурот на вкупна дрвна маса е намален за 16%, а во апсолутен износ за 80.761 м$^3$.
Извршен е превоз на вкупна дрвна маса од 333.851,28 м$^3$ и тоа е 66% од планираната динамика за превоз, односно превезени се 4.065,53 м$^3$ техничко дрво и 329.785,75 м$^3$ огревно дрво или тоа е 65% од планираната количина за превоз на огревно дрво. Споредено со 2008 год. индексот на остварен превоз на огревно дрво е 0,81 или превозот е намален за 19% или во апсолутен износ за 76.869 м$^3$.

Дотурени се вкупно 437.707,78 м$^3$ или 66% од планираната динамика за дотур на вкупна дрвна маса, од што 89.219,45 м$^3$ или 57% од планираната динамика на техничко дрво за дотур, а 348.488,33 м$^3$ или 69% од планираната количина за дотур на огревно дрво. Споредбата со 2008 год. покажува дека индексот на остварено е 0,84, а тоа значи дека дотурот на вкупна дрвна маса е намален за 16%, а во апсолутен износ за 80.761 м$^3$.
Извршен е превоз на вкупна дрвна маса од 333.851,28 м$^3$ и тоа е 66% од планираната динамика за превоз, односно превезени се 4.065,53 м$^3$ техничко дрво и 329.785,75 м$^3$ огревно дрво или тоа е 65% од планираната количина за превоз на огревно дрво. Споредено со 2008 год. индексот на остварен превоз на огревно дрво е 0,81 или превозот е намален за 19% или во апсолутен износ за 76.869 м$^3$.

Продадена е вкупна дрвна маса од 596.795,66 м$^3$ од што 100.856,99 м$^3$ или 16,90 % се техничко дрво, а 435.750,26 м$^3$ или 73,01% се огревно дрво и 60.188,41 м$^3$ или 10,09% е отпад собран после сеча. Индексот на остварена продажба на вкупна дрвна маса во однос на 2008 год. е 0,83.
Притоа кај техничкото дрво продажбата е намалена за 38% или 60.815,72 м$^3$, што произлегува најмногу од намалениот интерес за купување на техничка дрвна маса кај дрвопреработувачите во услови на економска криза. Кај огревното дрво пак продажбата е намалена за 10%, односно за 48.571,35 м$^3$.

Вкупната залиха на дрвни сортименти на ниво на ЈП "Македонски шуми" на 31.12.2009 год. изнесува 79.001,39 м$^3$. Според сортиментната структура, на техничко дрво отпаѓаат 22.978,62 м$^3$од кои поголем дел е во шума и на шумскокамионски пат, а на огревно дрво отпаѓаат 56.022,77 м$^3$.

Вкупната залиха на дрвни сортименти на ниво на ЈП "Македонски шуми" на 31.12.2009 год. изнесува 79.001,39 м³. Според сортиментната структура, на техничко дрво отпаѓаат 22.978,62 м³од кои поголем дел е во шума и на шумскокамионски пат, а на огревно дрво отпаѓаат 56.022,77 м³.

Остварувањето на планските задачи за изградба, реконструкција и прочистување на патишта во 2009 год. може да се смета за задоволително. Имено, изградени се вкупно 169,23 км меки и тврди патишта, што претставува 61,31% од годишниот план, додека со извршеното прочистување на постоечката патна мрежа од 2.266,04 км, годишниот план е остварен со 114,19%. За реализација на остварените плански задачи за изградба на патишта, реконструкција и прочистување на постоечката патна мрежа во 2009 год. потрошени се вкупно 88.116.550,00 ден. со сопствена механизација и со други услуги.

ЈП "Македонски шуми" врши стручно-технички работи во приватните шуми, контрола на превозот на шумски сортименти и издавање на потребната документација. Во 2009 год. означени се вкупно 197.109,45 м³, од кои на техничко дрво отпаѓаат 25.673,26 м³ и на огревно дрво отпаѓаат 171.436,19 м³. Средствата кои се остварени од ознака на техничко и огревно дрво од шума и ознака на дрва од меѓи во приватна сопственост во 2009 год. изнесуваат 50.137.853,00 денари.

Капацитетот на погонот за хидродестилација во подружницата Ш.С.,,Малешево,, - Берово, според техничко-технолошките можности се движи од 7.000 до 10.000 кгр. етерични масла, во зависност од суровината која се преработува.

Во 2009 година погоните ,,Хидродестилара,, и ,,Сушара,, не работеа ефективно, заради поголеми залихи на етерични масла. Во текот на деловната 2009 година остварено е производство на етерично масло од смрека и тоа 92,850 кг. и етерично масло од борови четини од 9,700 кг., од кое се очекува приход во износ од 585.898,00 денари.

Активностите во делот на одгледувањето на шумите, се базираат на обврските кои се пропишани со Посебните планови за стопанисување со шумите.

Во делот на простата репродукција извршено е пошумување на површина од 743,30 ха и прореди на 971,36 ха. На ниво на ЈП издвоените средства по вид на извршена работа за проста репродукција на шумите изнесуваат 128.925.399,00 ден., а потрошени се вкупно 100.740.982,00 ден. Во 2009 година согласно Програмата за проширена репродукција на шумите (Сл.Весник на РМ бр.3/09) Јавното претпријатие "Македонски шуми" според склучените договори со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на РМ ги реализираше следните работи:

- Пошумување на голини и ерозивни земјишта на вкупна површина од 453 ха.
- Нега на шумски култури со прореди и чистење на вкупна површина од 758 ха.
- Мелиорација на деградирани дабови шуми со пошумување на вкупна површина од 122 ха.

За реализација на акцијата „Ден на дрвото-засади ја својата иднина". Јавното претпријатие изготви Акционеноперативен план за начинот на реализација на пошумувањето со подготовка на теренот и обезбедување на соодветен посадочен материјал.

На 14 март 2009 година на 58 локалитети на целата територија на Република Македонија, по исклучително лоши временски услови се изведе пролетната масовна акција за пошумување на голини и површини зафатени од шумски пожари на вкупна површина од 967,04 ха, при што беа засадени 1.952.240 броја садници.

Во есенското пошумување на целата територија на Република Македонија на вкупна површина од 2.993,43 ха беа засадени 5.986.860 броја садници. Пошумувањето се изврши на претходно механизирано обработена почва и во дупки согласно теренските услови со лисјарски дрвни видови: багрем, јасен, јавор, даб, бука, црн орев, бреза, брест, див костен, питом костен и иглолисни дрвни видови: црн бор, бел бор, дуглазија, смрча, ела, аризонски чемпрес, кедар и др. Наведените дрвни видови се пошумени на соодветни локации согласно биологијата на дрвниот вид. Извршителот на работите, односно корисникот на средствата на оваа програма беше Јавното претпријатие „Македонски шуми", а исплатата на средствата се изврши врз основа на приложени записници за површините и локациите на кои се извршени пошумувањата во акцијата „Денот на дрвото-засади ја својата иднина", изготвени од страна на Државниот инспекторат за шумарство и ловство при МЗШВ.

Во текот на 2009 година во државните шуми со кои стопанисува ЈП „Македонски шуми" регистрирани се 61 пожар со вкупно опожарена површина од 1.990,60 ха, опожарена дрвна маса од 1.551 м³ и вкупни трошоци за гаснење на пожарите во износ од 9.013.133,00 денари. Вкупната штета од појавените пожари на ниво на ЈП се проценува дека изнесува 29.746.064,00 денари.

Најголем број на пожари забележани се на подрачјето на Велес, Гостивар, Струга, Пехчево, Крива Паланка, Кавадарци и Радовиш каде што се причинети и најголеми штети на шумскиот фонд. За спречување на појавата и за гаснење на пожарите ЈП„Македонски шуми" ги презеде сите превентивни, пресупресивни и супресивни мерки.

По добиената согласност од МЗШВ, се воведе делумна и целосна забрана за движење на луѓе во шумите кои се изложени на опасност од појава на пожари и истата е проследена до средствата за јавно информирање.

За работењето на шумочуварската служба може да се каже дека во 2009 година поднесени се вкупно 2.384 пријави од кои 264 кривични и 2.120 прекршочни. Исто така откриени се нарушувања од непознат сторител при што е одземена дрвна маса од 446,97 $m^3$. Проценката на бесправно посечената дрвна маса изнесува 3.579,35 $m^3$.

Во 2009 год. произведени се вкупно 19.710.447 броја садници од сите возрасти на ниво на ЈП, од кои 12.741.167 броја садници се класично, а 6.969.280 броја се контејнерско производство. Од оствареното расадничко производство на ниво на ЈП „Македонски шуми" во 2009 год. може да се констатира позитивно финансиско работење во износ од 13.870.925,00 денари, а од реализација на оствареното производство е остварен вкупен приход од 58.635.511,00 денари.

Во 2009 год. во државните ловишта Полаки-Кочани и Лешница-Тетово, со цел подобрување и унапредување на состојбите се преземаа сите неопходни активности во поглед на заштита и одгледување на дивечот.

Вршена е редовна прихрана и заштита од болести, изградени се нови и одржувани постојните хранилишта, складишта за храна, солишта, поила и калишта, набљудувачници. Не беше организиран ниту еден ловен аранжман како последица на ненавременото ажурирање на Посебните ловностопански основи и непродолжениот договор за управување од страна на МЗШВ во име на Владата на РМ.

Секторот за уредување на шуми, ловишта и проектирање во 2009 год. изработи 25 Посебни планови за стопанисување со шуми, 12 Анекси на Посебни планови и 45 Посебни ловностопански планови. Според Завршната сметка за 2009 год. ЈП "Македонски шуми" оствари вкупен приход за распределба од основната и другите дејности во износ од 1.802.760.726,00 ден., вкупни расходи во износ од 1.796.219.540,00 ден. и искажува добивка од работењето (пред оданочување) во износ од 6.541.186,00 денари. Остварените приходи во 2009 год. во однос на 2008 год. се помали за 19%, а остварените расходи се помали за 16%, што укажува на намалување на економичноста во работењето, бидејќи приходите се намалиле за поголем процент во однос на намалувањето на расходите. Помалиот процент на остварување (освен поради неостварување на планираниот обем на производство и продажба) се должи и на намалување на цената на техничкото дрво (за приходите), како и на превземените антикризни мерки за намалување на трошоците (за расходите). Во однос на планските проекции за 2009 год. на ниво на ЈП планираните приходи се остварени со 70,53%, а планираните расходи со 72,98%. Извештајот на паричните текови покажува дека паричните средства од 161.825.166,00 ден. на почетокот на годината се намалилена 76.885.391,00 ден. на крајот на годината, што дека во претпријатието готовинските текови од оперативните, инвестиционите и финансиските активности покажуваат нето-намалување на парите и паричните еквиваленти за 84.939.775,00 ден.

Остварените финансиски резултати по подружници покажуваат дека 2009 год. 17 подружници ја завршиле со добивка во вкупен износ од 97.011.859,00 ден., за разлика од минатата 2008 год. кога 19 подружници ја завршија годината со добивка во вкупен износ од 162.625.802,00 ден. Останатите 13 подружници деловната година ја завршиле со загуба во вкупен износ од 90.470.673,00 ден.

Претпријатието својата дејност ја извршува во најголем дел од сопствени извори на средства (со самофинансирање), со многу мал степен на задолженост, односно користење на кредити од деловни банки за одржување на тековната ликвидност. Сепак треба да се истакне дека оваа година се забележува благо зголемување кај финансиската стабилност, пред се поради намалувањето на степенот на задолженост. Во однос на ликвидноста, претпријатието бележи намалување на моменталната ликвидност, пред се поради значителното намалување на паричните средства во однос на минатата година (за 52,49%). Оваа година позитивно е тоа што драстично се намалени обврските по заеми и кредити, односно тие се речиси целосно измирени.

Продуктивноста во работењето бележи намалување и тоа како финансиската продуктивност (за13,98%) поради намалување на остварените приходи за 19,04%, така и физичката продуктивност (за 6,69%) поради намалување на посечената дрвна маса за 12,17% во однос на 2008 год. Позитивно е што претпријатието и оваа година, покажува рентабилност во работењето, односно бруто добивка во износ од 6.541.186,00 ден.

Резултатите од анализата на цената на чинење на 1$m^3$ огревно и техничко дрво недвосмислено упатуваат на одредени сознанија за успешноста и економочноста во работењето на подружниците, односно за степенот на вклопување на нивните трошоци од работењето во продажната цена на основните шумски сортименти, определена според важечкиот Ценовник на ЈП. Генерална оценка за остварената цена на чинење на 1$m^3$ огревно и техничко дрво во 2009 год. е дека таа е доста висока. Причините за остварената висока цена на чинење може да се лоцираат во неколку насоки:

- Високо учество на режиските трошоци во вкупните трошоци за производство на огревно и техничко дрво, кое може да произлегува или од неекономичното работење на подружницата, или поради преработеност.
- Значителни средства за одржување на сопствениот возен парк и механизација поради нивна дотраеност и амортизираност.
- Неискористеност на сопствените работници во однос на исполнување на предвидените норми во фазите сеча, дотур, утовар и превоз.

Изготвиле: Гордана Серафимовска , Биљана Чакаровска

# ПРАКТИЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ ПРЕКУ ЕДНОДНЕВНА И ПОВЕЌЕДНЕВНА ТЕРЕНСКА НАСТАВА

**Интервју со проф. д-р Александар Трендафилов, декан на Шумарскиот факултет - Скопје**



***Оваа учебна година за прв пат се создаваат можности и услови за запишување на докторски студии во областа на шумарската политика во рамките на ФОПЕР***

***Одреден број на наши студенти своето образование го продолжуваат и надвор од државата, пред се во Европа и во САД***

**Ве молиме накусо да го претставите Вашиот факултет, кога е основан, кои насоки се изучуваат, со каков кадар располага, колку студенти и последипломци има во**

Шумарскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Скопје, Република Македонија, е основан во далечната 1947 година како оддел од тогашниот Земјоделско-шумарски факултет - Скопје. Со основањето на Земјоделско-шумарскиот и Медицинскиот факултет и веќе постојниот Филозофски факултет, се формира првиот македонски универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Денес, Шумарскиот факултет претставува единствената високообразовна и научноистражувачка институција од областа на шумарството и дрвната индустрија во Р. Македонија.

Во учебната 1970/71 година е формирана нова насока за образование на високостручни кадри од областа на дрвната индустрија. Во 1975 година, со одлука на Собранието на СРМ, Земјоделско-шумарскиот факултет се трансформира и реорганизира во две независни високообразовни институции: Земјоделски и Шумарски факултет.

Во учебната 1998/99 година, наставата на додипломските студии е организирана во 4 студиски програми. Во рамките на Институтот за шумарство и озеленување и унапредување на животната средина се насоките: Шумарство и Озеленување и унапредување на животната средина, додека во рамките на Институтот за дрвна индустрија се насоките: Механичка технологија на дрвото и Проектирање и технологија на мебел и ентериер.

Во учебната 2004/2005 година на сите студиски програми за додипломски студии, се воведува европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС).

За изведување на наставата Факултетот располага со два амфитеатри, 10 предавални, 15 лаборатории, 10 наставни збирки, 53 кабинети, читална и библиотека.

За изведување на теренската настава се користат објектите на шумско-опитната станица, и тоа, во Скопје: арборетум, дендро-парк, стакленик; објектот Трубарево: арборетум, семениште, растилка, ловиште со волиери, хранилиште и др.; објектот во Крушево: расадник, дендро-парк, опитни површини од 40 ха на локалитетите Куличе, Порта и Станиќ и објект - огледна површина на Китка кај Скопје на 1,5 ха.

Од основањето на Шумарскиот факултет во 1947 година, па се до денес, на додипломски студии се запишале вкупно 6824 редовни и 1299 вонредни студенти, на магистерски студии се запишале вкупно 267 студенти а на докторски студии 54.

Во учебната 2009/10 година на Шумарскиот факултет се запишаа 157 студенти на додипломски академски студии (прв циклус) и 27 студенти на магистерски студии (втор циклус).

***Шумарскиот факултет е единствената образовна и научно-истражувачка институција од областа на шумарството и дрвната индустрија во Македонија. Каков е интересот на младите за студирање на Вашиот факултет?***

Студиските програми на Шумарскиот факултет во Скопје, од периодот на воведување на новите студиски програми во 1998 година и воведувањето на европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС) во 2004 година, се се поопривлечни за студирање.
Просекот на запишани студенти од основањето на факултетот до 2007 година бил по 109 редовни и 21 вонреден студент годишно.
Во последните две години на Шумарски факултет-Скопје запишани се: во 2008 год. 147 и во 2009 год. 157 студенти.
Од изнесеното може да се види дека интересот за студирање на Шумарскиот факултет во Скопје е зголемен. Тоа се должи на континуираното квалитетно работење, традицијата и потребите на општеството од кадрите кои се образуваат на Шумарскиот факултет.

***Кои новини се предвидени за академската 2010/2011 година?***

Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје ќе додели стипендии на петте најдобро рангирани кандидати на конкурсот за запишување во прва година во учебната 2010/11 година.
Од оваа учебна година за прв пат се создаваат можности и услови за запишување на докторски студии во областа на шумарската политика во рамките на ФОПЕР - меѓународен проект, со кој на студентите им се овозможува студирање на повеќе реномирани европски универзитетски центри.

***Каков е интересот на Вашите дипломци за продолжување на своето образование во и надвор од Македонија? Дали имаат на располагање стипендии за последипломски студии и други поволности?***

Студентите што успешно ќе ги завршат додипломските студии можат своето образование да го продолжат на Шумарскиот факултет во Скопје, запишувајќи се на иновираните постдипломски студии од втор циклус. Всушност, тоа е новина, која што стартуваше во учебната 2009/10 година. На дипломираните студенти им нудиме дваесет студиски програми на едногодишните магистерски студии, во траење од една година, односно два семестри.
Стипендирањето на овие студенти се одвива преку конкурсите што секоја година редовно ги објавува Министерството за образование на Република Македонија.
Одреден број на наши студенти своето образование го продолжуваат и надвор од државата, пред се во Европа и во САД.

***Каква е соработката на Вашиот факултет со стопанството и со други факултети во Македонија и странство?***

Шумарскиот факултет остварува широка и сестрана соработка со стопанските субјекти и институции од областите за кои едуцираме кадри, а и пошироко.

Од постоењето на факултетот до денес, изработени се голем број студии, програми, посебни планови за управување и стопанисување со шумите, проекти, експертизи и сл.

Шумарскиот факултет е носител на апликативни работи од областа на атестирањето, односно следењето на квалитетот на производите од шумарството и дрвната индустрија, потоа следењето на здраствената состојба на шумите, шумските култури, расадниците и сл.
Паралелно со соработката во Републиката, имаме добра и блиска соработка со шумарските факултети во Белград, Загреб, Љубљана, Сараево, Софија, Тирана, Фрајбург, Брно, Прага и др.



***Какви се можностите за студентска пракса и стручно доусовршување во склад со современите потреби на стопанството?***

Во согласност со Болоњската декларација, значаен дел од студиските програми се посветени на практичното обучување на студентите. Практичното усовршување на студентите се спроведува преку изведување на еднодневна и повеќедневна теренска настава, посети на објекти, институции и компании од соодветната област, реализација на феријална пракса во летниот период итн.

***Кои меѓународни програми и системи ги имате имплементирано и какво е досегашното искуство?***

Шумарскиот факултет учествувал во реализација на Темпус проекти од областа на високото образование како членка, односно единица на УКИМ, активен учесник е во креирањето и реализацијата на ФОПЕР проектот финасиран од кралството Финска, а се однесува на магистерски и докторски студии, стручно усовршување и зајакнување на капацитетите во областа на шумарската политика.

Од 2004 година на сите студиски програми воведен е ЕКТС. До денес завршени се процесите на самоевалуација, евалуација и акредитација на додипломските и постдипломските студии (втор циклус), а во тек е постапката за акредитација на постојните докторски студии.

***Какви се можностите за вработување на Вашите дипломци?***

Вработувањето во Р. Македонија е едно од најгорливите прашања.

Тренд на подобрување на состојбите во последните дваесетина години нема, што се должи на многу објективни и субјективни причини, отсуството на долгпрочна и широкоприфатлива стратегија, ниското ниво на инвестиции, политизацијата на системот и др.

Се надеваме дека со трансформацијата на системот, прилагодувањето и усогласувањето на нашата со регулативата на ЕУ, брз влез на нови инвестиции и тренд на се поширoко отворање на вратите на европските фондови, ќе се создадат можности, услови и перспективи за многу нови вработувања, пред се на високо образованиот кадар, кој треба да даде импулс на брзиот развој на државата. Во тој контекст ги гледам и можностите за ангажман и вработување на нашите идни дипломци.

***Колку студенти е предвидено да се запишат на Вашиот факултет во академската 2010/2011 година и колку изнесува партиципацијата за вонредните студенти?***

Во согласност со Конкурсот за запишување на додипломски студии од прв циклус во учебната 2010/ 2011 година, на Шумарскиот факултет во Скопје на секоја од четирите студиски програми ќе можат да се запишат по 40 студенти во државната квота (со партиципација од 200 евра), 20 студенти во квотата со кофинансирање (400 евра) и по 5 вонредни студенти со кофинансирање од 400 евра.

***За крај, која е Вашата порака до идните студенти?***

Со студирањето на Вашата избрана студиска програма на УКИМ-Шумарски факултет-Скопје, ќе се стекнете со теоретски и практични знаења и вештини, кои ќе Ви претставуваат солидна основа за натамошно проширување и продлабочувања на знаењето, умешноста, одлучноста, и искуството при креирањето и реализацијата на едукативни, апликативни и научноистражувачки проекти.

Ќе ни преставува големо задоволство, да како идни високообразовани кадри, дадете свој придонес во одржливиот развој на шумарството, озеленувањето и унапредувањето на градските и руралните средини, развојот на дрвната индустрија, креирањето и реализацијата на нови, практични, функционални и економични проекти во областа на ентериерот.

Сигурен сум дека со Вашите стекнати знаења, трудољубивост и упорност ќе дадете голем придонес во заштитата и одржливиот развој на природните ресурси и животната средина, пред се тие, кои Ви се потесна област на Вашето дејствување и професионален ангажман.

Со се побрзиот технолошки развој на општеството и се подинамичниот начин на живеење, студирањето и образованието се неминовност. Затоа и во светски рамки се повеќе се промовира принципот на доживотно учење, за кој високото образование претставува основа.

***Преземено од списанието "МАТУРАНТ", број 6**

# СЛУЖБА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА



***Службата за внатрешна ревизија во склопот на ЈП "Македонски шуми" формирана е во 2005 година. До екипирањето во 2008 година функционира со помал обем, а потоа функцијата и улогата на ревизијата е ставена во вистински правец. Денес службата е екипирана со: раководител и тим од 2-ревизори и 1-ревизор на обука.***

Врз основа на член 15 став 3 од Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор („Службен весник на РМ", бр. 69/04 и 22/07), директорот на ЈП "Македоски Шуми" на 09.01.2008 година ја донесе ***Повелбата за Внатрешна ревизија*** со што се утврдува рамката на функционирање на Службата за внатрешна ревизија, со основна цел подобрување на работењето на претпријатието.

### *Функција на внатрешната ревизија*

Внатрешната ревизија е независна и објективна активност на проценка и советување која се спроведува во јавниот сектор за да се утврди дали соодветните политики и процедури се применуваат, правните барања и утврдените стандарди се исполнуваат, ресурсите се користат ефикасно и економично, планираните мисии ефективно се постигнуваат и целите на субјектот од јавниот сектор се остварени.

### *Цел на внатрешната ревизија*

Целта на внатрешната ревизија е да обезбеди дополнително уверување на владата, ресорниот министер, раководителот на субјектот и раководството дека имплементираните системи за менаџмент и контрола се соодветни, економични и конзистентни со општо прифатените стандарди и националното законодавство. Внатрешната ревизија му обезбедува на раководителот на субјектот од јавниот сектор анализи, препораки, совети и информации за прегледаните активности.

### Независност

Внатрешната ревизија е независна од активностите што ги ревидира за да обезбеди објективна проценка значајна за правилно постапување и непристрасно советување.

Внатрешниот ревизор нема надлежност, ниту е одговорен за активноста што ја ревидира. Внатрешната ревизија треба да биде вклучена во развојот или спроведувањето на секторските политики, системи и процедури само во рамките на нејзините советодавни капацитети, во однос на минати или сегашни препораки дадени од единицата за внатрешна ревизија.

### Надлежност

Надлежноста на единицата за внатрешна ревизија произлегува од Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор. Единицата за внатрешна ревизија е надлежна за извршување на ревизии на регуларноста и финансиски ревизии, системски ревизии, ИТ ревизии и ревизии на успешноста (економичноста, ефикасноста и ефективноста).

Единицата за внатрешна ревизија преку раководителот на едниницата за внатрешна ревизија го известува раководителот на субјектот и поднесува извештаи до ревидираниот субјект и до Одделението за хармонизација на внатрешната ревизија во Министерството за финансии.

Заради спроведување на надлежностите, раководителот на единицата за внатрешна ревизија и неговите претставници се овластени да имаат целосен, слободен и неограничен пристап до сите документи, имот и вработени кои се од значење за спроведување на внатрешните ревизии. Раководството треба да соработува во обезбедувањето на потребните информации и објаснувања на раководителот на единицата за внатрешна ревизија или нејзините вработени заради ефективно и ефикасно спроведување на ревизиите.



### *Улога и опфат*

Улогата на внатрешната ревизија е да го утврди и разбере потенцијалниот ризик во активностите на субјектот и да ја провери и процени соодветноста и ефективноста на системите за внатрешна контрола воспоставени за да го контролираат таквиот ризик.

Опфатот на внатрешната ревизија е неограничен и вклучува придржување до пропишаните политики, насоки и процедури (вклучувајќи ги оние кои произлегуваат од меѓународните обврски на Република Македонија и/или од членство во меѓународни групации), промовирање на економичност, ефикасност и ефективност на активностите на субјектот од јавниот сектор, како и насоченост кон транспарентност и одржливост на јавните услуги. Единицата за внатрешна ревизија има неограничен пристап до сите активности преземени во субјектот со цел да обезбеди преглед, проценка и известување за : •соодветноста и ефикасноста на системите за финансиска, оперативна и менаџмент контрола и нивните активности во пракса во однос на утврдените ризици; •степенот на усогласеност со политиките, стандардите, плановите и процедурите и нивниот финансиски ефект; •степенот на усогласеност со законите и регулативите на Република Македонија и оние кои произлегуваат од меѓународните обврски, вклучувајќи ги и барањата за известување од национални и меѓународни регуларни тела; •степенот до кој ресурсите се економично стекнати, ефикасно употребени, правилно евидентирани и заштитени од сите видови на загуби поврзани со растурање, расипништво, неефикасна администрација, недоволна економичност, ефикасност и ефективност, измами или други случаи; •сеопфатноста, точноста, веродостојноста и интегритетот на финансиските и други информации, како и начините за индентификација, одмерување, класификација и известување на тие информации; •интегритетот на процесите и системите, вклучувајќи ги и оние во развој, за да се осигура дека контролите обезбедуваат соодветна заштита од сите видови грешки, измами и загуби и дека процесите се соодветни со целите на субјектот од јавниот сектор; •соодветноста на организацијата на субјектите и други ревидирани организациони единици, за извршување на нивните функции и за осигурување дека јавните услуги се обезбедени на економичен, ефикасен, ефективен, транспарентен и оправдан начин; •преземените активности од раководителот на субјектот за отстранување на слабостите утврдени од внатрешната ревизија и за воспоставување и ширење на добрата пракса.



### *Известување*

Единицата за внатрешна ревизија формално го известува раководителот на субјектот од јавниот сектор за резултатите од нејзината работа.

***Претходниот ревизорски извештај*** се изготвува во рок од еден месец по завршувањето на ревизорската задача и истиот се доставува до ревидираниот субјект и раководителот одговорен за ревидираната област. Извештајот содржи наоди и препораки кои произлегуваат од проценката на довербата и соодветноста на ревидираните делови на системот на внатрешни контроли. Претходниот извештајот во неговата нацрт верзија ќе биде дискутиран со ревидираниот субјект за усогласување и прецизирање пред издавање на ***конечниот извештај***.

Во случај на измама или финансиска нерегуларност, ќе се достави извештај до надлежната институција во рок од 2 дена од конечното завршување на истрагата.

Внатрешната ревизија ќе го известува раководителот на субјектот во текот на годината, најмалку квартално, за оствареното во однос на донесените ревизорски планови и ќе ги образложи отстапувањата од планот, доколку постојат.

Единицата за внатрешна ревизија доставува ***Годишен извештај*** за активностите во текот на годината до раководителот на субјектот. Примерок од извештајот се доставува и до Одделението за хармонизација на внатрешната ревизија во Министерството за финансии најдоцна до 15 април наредната година. Извештајот содржи најмалку:

- резиме за спроведените ревизии;
- анализа на општите или значајните слабости;
- споредба на остварените ревизии со планираните;
- детали за наодите од значајни ревизии или истраги кад е би ла потре бна и тна ак ција, која не била преземена, вклучувајќи ги и наодите од претходните години.

Раководител **м-р Тони Јованов**

# Развој на Шумарската политика во Македонија во периодот

## На Транзиција Во Рамките На Интернационалната Шумарска Политика



*Како и другите земји на Западен Балкан, Македонија има за цел да пристапи кон Европската унија (ЕУ). За остварување на оваа цел е неопходно е да се прифатат некои стандарди и критериуми кои се веќе во пракса во ЕУ. Шумарскиот сектор не е исклучок и потребно е разгледување и адаптација на шумарската политичка рамка кон новите трендови и барања на современото општество.*

Главната цел на ова истражување е да се презентираат промените во законодавството и политиката во шумарството кои се случија во Македонија пред и по периодот на транзиција во рамките на шумарскиот сектор, да се претстават меѓународните политики, процеси и трендови во шумарството, да се идентификуваат предлози за спроведување и унапредување на македонската шумарска политика.

На територијата на денешна Република Македонија првите прописи, со кои се уредуваат односите меѓу луѓето и шумите биле донесени пред шест векови. Во 1349. година првите прописи за користење на шумите беа донесени со Душановиот законик, донесен во Скопје. Во овој законик, меѓу другото утврдени се и прописите за заштита на шумите и пасиштата. Според Законикот на рударите наречени "САСИ" ( германско племе кое го колонизира овој дел на Балканскиот Полуостров за експлоатација на злато и сребро) не им е дозволено користење на шумите, бидејќи тие ги уништиле сите шуми во областите каде имале рударски активности. Исто така, со овој Законик на селаните не им било дозволено да ги пустошат шумите. По овој документ не постои друг познат документ со кој се уредуваат прашањата поврзани со шумарството во Р.Македонија се до Првата и Втората светска војна. Во периодот за време на овие две војни на сила биле законите и регулативите на окупаторите кои биле на територија на Р.Македонија.

По Втората светска војна во новоформираната држава беше усвоен нов Закон за шумите за сите земји што ја сочинуваа сојузната држава во тој момент наречена Федеративна Народна Република Југославија (ФНРЈ). За време на периодот 1946-1956 сите државни тела одговорни за шумарството се основани во Р.Македонија. Во 1951год. Советот за земјоделство и шумарство е основан како орган на Републиката надлежен за областа на шумарството, додека експлоатацијата на шумите и преработката на дрвото е во посебена Дирекцијата за дрвна индустрија.

Во 1961 и 1965 година овој закон е променет при што е создадено Сојузно шумарско претпријатие наречено "ФЕШУМА" во Македонија.

Првиот Закон за шумите посебно за територијата на Република Македонија е прогласен во 1974 година (" Службен весник на СРМ " бр 20/74), кога Република Македонија беше дел од Социјалистичката Федеративна Република Југославија (СФРЈ). По донесувањето на новиот Закон за шуми во 1974 година шумарските претпријатија се трансформираат во организации на здружен труд или познати како ОЗТ. Во крајот на 80-тите промени во организационата структура е направена повторно и сите ОЗТ се претворени во општествени претпријатија за стопанисување со шуми.

По независноста во 1991 година шумарскиот сектор во Македонија продолжи да работи според законот и организационата структура, која беше активна во социјализмот. Оваа ситуација беше променета во 1997 година, кога новиот Закон за шуми беше усвоен ("Службен весник на РМ" бр 47/97), со некои промени во согласност со новите економски и политички состојби.

Најважната промена на политиката е дека шумите од општествена сопственост преминаа во државна сопственост. Во овој закон за прв пат јасно е одвоена државната од приватната сопственост на шумите. Таа промена се одрази и на стопанисувањето со шумите, така што се фромира јавно претпријатие со седиште во Скопје и 30 подружници низ Републиката според принципот на самофинансирање и без било каков буџетски придонес. Исто така овие промени во законската регулатива создадоа услови за појава и формирање на Асоцијацијата на приватни сопственици на шуми.

Денес во Р.Македонија постои општа согласност, преставена преку "Стратегијата за одржлив развој на шумарството" дека напорите треба да бидат насочени во правец на усогласување на шумарската легислатива со барањата на ЕУ.
Иако во ЕУ не постои одредба за заедничка шумарска политика, правната основа за делување во областа на шумарството е идентификувана во одредбите и поддршката на други политики на ЕУ во кои шумарството може да се смета како значајна компонента. Тука се заедничката земјоделска политика, како и политиките за интегриран рурален развој, животната средина, трговијата, внатрешен пазар, истражување, индустријата и енергијата.

Иако сегашната нестабилна политичка и економска ситуација во Република Македонија ја има направено шумарската политика неизвесна и комплексна, се уште е можно да се вклопи во процесите кои се присутни во цела Европа. Активно вклучување на сите заинтересирани страни во формулирањето на политиките во шумарството значително ќе го олесни процесот на избирање на ефикасни политички алатки, според претходно дефинирани критериуми кои се усвоени од сите актери во овој сектор.
Неопходно е да се почитуваат имотот и корисничките права на сите сопственици на шуми, без оглед на видот на сопственост (државна,приватна или било која друга форма на сопственост). Шумарската легислатива треба да содржи одредби со кои јасно и на еднаква основа ќе се прецизираат правата и обрските на сите актери во овој сектор.

Еден значаен чекор би бил и промовирањето на соодветно стопанисување со приватните шуми преку обезбедување на финансиска поддршка или други практични иницијативи за приватните сопственици, како што се: финансирање на одредени активности, даночно олеснување, техничка поддршка, пристап до опрема, сервисни услуги и др. Ова не може да се направи само преку законот за шуми, овде треба да се земе во предвид и финансирањето преку одредени ЕУ механизми (како што е ИПА-фондот). Одредбите кои ќе се донесат за финансирање на овие активности кои можат да станат достапни за приватниот шумарски сектор или генерално за руралниот развој треба да биде сфатени како можност за поддршка на одредени иницијативи и процеси- на пример: активностите на здруженијата на приватни сопственици на Шуми, и други субјекти кои работат во оваа област.
Стопанисувањето со државните шуми исто така е едно нерешено прашање со оглед на политичката состојба во Р.Македонија и трендовите кои владеат во западно-европските земји.



Трансформацијата на јавното претпријатие и промена во начинот на спорведување на политиките на оперативно ниво би биле повеќе од значајни за подобрување на целокупната состојба во овој сектор.

Во Р.Македонија постои потреба од политички консензус и политичка волја да се донесеат на една маса сите релевантни актери и експерти од областа на шумарството. Заеднички напори се потребни за да се подготви нов Закон за шумите, кој ќе опстои со години и ќе биде компатибилен со потребите на шумарскиот сектор, на денешното општество и со барањата на одржливиот развој според критериумите на ЕУ. Последната точка е многу важна затоа што Македонија е сериозна во врска со нејзиниот стремеж за членство во ЕУ и кон вклучување во меѓународните процеси за одржлив развој и заштита на животната средина.

Генерално подобрувањето на транспарентноста во донесувањето на одлуки значително може да придонесе за намалување на нелегалните пракси и подобрување на севкупната состојба во шумарството во Македонија.
.
Оваа стопанска гранка денес мора да се соочи со реалноста и треба да започне со спроведување на сите обврски кои се наведени во Стратегијата, а исто така и во голем број на договори и конвенции потпишани од страна на државата кои го засегаат шумарството.

*трудот е работен и завршен пред донесувањето на новиот Закон за шуми.

М-р Тодоров Воислав, Советник за шумарство,
СНВ - Македонија

# КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА ОРГАНИЗАЦИСКАТА ПОСТАВЕНОСТ НА ШУМИТЕ ВО Р.СЛОВАЧКА, Р.ЧЕШКА, Р.ПОЛСКА, ШВЕДСКА, Р.МАКЕДОНИЈА



Поради препознавање на културолошкото, стопанското и еколошкото значење на шумите во наведените држави, направена е компаративна анализа на податоците за шумските ресурси, сопственоста на шумите и начинот на организирање на шумарството во истите.

Р.Македонија има висок процент на пошуменост од 36% и воедно е една од водечките држави кои ги компарираме.

Концептот на шумарството во европските земји се базира на идејата за одржлив развој, вклучувајќи го и принципот на одржливо стопанисување со шумите. Целокупната шумарска политика во овие земји се залага за шумарството како дејност, која е дел од една отворена, пазарно ориентирана економија. Како пример за ова ќе наведеме неколку статистички примери од неколку земји кои се наоѓаат во ралични региони на Европа.

Р.Словачка располага со 1.800.000 ха шумско земјиште. Од вкупното шумско земјиште, 42% е во државна и 58% во приватна сопственост. На годишно ниво, сечивиот етат приближно изнесува 2.000.000 м$^3$, од кој 58% се листопадни видови и 42% иглолисни. Приближно 1.200.000 м$^3$ од вкупниот етат се стопанисува за огревно дрво.

Концептот на шумарството во европските земји се базира на идејата за одржлив развој, вклучувајќи го и принципот на одржливо стопанисување со шумите. Целокупната шумарска политика во овие земји се залага за шумарството како дејност, која е дел од една отворена, пазарно ориентирана економија. Како пример за ова ќе наведеме неколку статистички примери од неколку земји кои се наоѓаат во ралични региони на Европа.

Р.Словачка располага со 1.800.000 ха шумско земјиште. Од вкупното шумско земјиште, 42% е во државна и 58% во приватна сопственост. На годишно ниво, сечивиот етат приближно изнесува 2.000.000 м$^3$, од кој 58% се листопадни видови и 42% иглолисни. Приближно 1.200.000 м$^3$ од вкупниот етат се стопанисува за огревно дрво.

За разлика од оваа источно-европска држава, шумското земјиште во Р.Чешка зазема површина од 2.276.422 ха, од кој 61,5% се државни шуми, 23% приватни шуми и 15,5% се таканаречени комунални шуми и шуми кои припаѓаат на научни институции. Со државните шуми во Р.Чешка стопанисува Јавното Претпријатие 'Чешки шуми”(LCR), кое беше формирано на 1.јануари 1993год. Како резултат на почетокот на трансформацијата во Чешкото шумарство. Годишниот етат изнесува 7.000.000 м$^3$, што претставува 72% од годишниот прираст. Остварениот промет на годишно ниво изнесува фасцинантни 151.000.000 евра, а бруто економскиот резултат во изминатите неколку години изнесува 15-20 милиони евра. Квалитетот на производството и дрвото како природен ресурс, се потврдува со сертификацијата во Чешкото шумарство, со што се гарантира конкурентност на производите на пазарот во европа. Програмите кои се применуваат за сертификација на одржливо стопанисување со шумите во Р.Чешка се: “PEFC” и “FSC”.

Дрвото како природен ресурс во Р.Полска е во постојан раст. Вкупната површина на шумското земјиште, што влегува во составот на Р.Полска изнесува 8.600.000 ха, или 26% од вкупната површина на Републиката.

Од вкупната површина што е под шуми, 85% одпаѓа на шуми со кои управува државата(шуми во државна сопственост).

Стопанисувањето со државните шуми го извршува “NFH” (Nacional Forest Holding), или Национална Шумска Компанија, со седиште во Варшава.

*Табела бр.1*

| Земја | Вкупна површина под шуми(ха) | државни(%) | приватни(%) | етат(м3) |
|---|---|---|---|---|
| Р.Словачка | 1.800.000 | 42% | 58% | 2.000.000 |
| Р.Чешка | 2.276.422 | 61.50% | 48.50% | 7.000.000 |
| Р.Полска | 8.600.000 | 85% | 15% | 19.900.000 |
| Шведска | 23.000.000 | 49% | 51% | 81.000.000 |
| Р.Македонија | 935 | 89% | 11% | 850,000 |

Во табела бр1 е претставена вкупната површина под шуми, сопственоста на шумите и сечивиот етат. Најголема површина под шуми има Шведска а најмала Р.Македонија.













Прометот кој се остварува на годишно ниво од извоз изнесува близу 60 милиони евра. За сертифицирање на производите од дрво во Р.Полска е формирана невладина организација, "Chain of Custody" или скратено "COC"- сертификација.

Принципите на работа на оваа организација се всушност имплементација на "Pan-Europian Forest Certification"(PEFC) која ги сертифицира насадите со кој стопанисувањето е засновано на одржливо стопанисување со истите.Во споредба со државите од Централна и Источна Европа, **скандинавските земји** применуваат поинаков начин на стопанисување со шумите. Пример за тоа ќе биде од Кралството Шведска. Шведското шумско земјиште изнесува близу 23.000.000 ха. Шумското земјиште зазема 60% од вкупната површина на Шведска.

Шумата во оваа земја претставува најважен природен ресурс. Според сопственоста, шумите припаѓаат: 51% - во сопственост на приватни, мали шумски сопственици (шумарски семејства), 25% - во сопстевеност на државата и државните јавни организации, и 24% - на големи приватни шумски компании.

Во Шведска има приближно 350.000 физички лица (сопственици на приватни шуми), од кој 70% живеат на своите имоти.

Една третина од сопствениците на приватни шуми се жени. Процентот на сопственици на приватни шуми е поголем во јужниот дел на кралството. Шумарството во Шведска дава простор за вработување на 100.000 луѓе.

Според информациите на Шведската Шумска Агенција (која стопанисува со државните шуми) ,сечивиот етат на годишно ниво за 2009 год. изнесува 81.000.000 м$^3$ и бележи благ пад за разлика од 2008 год. Кога бруто сечата изнесуваше 87.000.000 м$^3$. Ова опаѓање се должи на светската економска криза која го зафати светот во изминатава година. Позитивниот ефект од извозот на шумските производи во Шведска изнесува 12% од приходот кој што влегува во буџетот на државата. Шведска има долгогодишно искуство во шумарството и многу ефикасен извоз. Извозот главно се базира на техничко дрво од иглолисни видови и тоа 98% и занемарувачки 2% листопадни видови. Кога станува збор за одржливо стопанисување со шумите, Шведска е водечка земја. Шведскиот "FSC" стандард е прифатен како прв национален стандард за сертификација на шумите во Шведска. Денес, поголемиот дел од шумите во Шведска се сертифицирани токму од овој стандард. Други стандарди според кои се стандардизиран шумите во кралството се "PEFC" и "ISO"- стандардите.

Во Р.Македонија, стопанисувањето со шумите го спроведува Јавното Претпријатие "Македонски шуми", кое е формирано од страна на "Министерството за Земјоделие, Шумарство и Водостопанство" на Р.Македонија.

ЈП "Македонски шуми" стопанисува со 935.000 ха, од кои 89% се во државна сопственост и 11% во приватна. Вкупната дрвна маса со која располага "Македонски шуми" изнесува 74.343.000 м3. Од горенаведеното може лесно да воочиме дека сечивиот годишен етат во Шведска е поголем од вкупната дрвна маса во Р.Македонија. Иако Р.Македонија е мала држава сепак шумарството како стопанска гранка, зазема значајно место во државата, и поради тоа во иднина треба уште повеќе да се негува и унапредува во согласност со трендовите на развиените Европски држави, со што активно ќе придонесе во економскиот развој на државата, со што се придонесува подобра иднина наша и иднината на нашите деца.

Подготвил шум инж. Драгољуб Петровски

# НАДГРАДБА НА ОСНОВНАТА ГИС ДАТАБАЗИ НА НП ГАЛИЧИЦА



*Размоски Благоја*

ЦЕЛ на оваа дипломска работа е да се тестираат можностите за дигитализација на податоците од посебните планови и прикажат согласно важечките стандарди во шумарството.

Крајна цел на оваа дипломска работа е придонес кон усогласување и инкорпорирање на современите картографски стандарди и алатки во секундарната легислатива во врска со шумарството.

Во трудот се користени податоци добиени од НП "Галичица" - Охрид и се однесуваaат за ШСЕ „Галичица 1".

Добиени се бази во растерска или векторска форма како и хартиени подлоги.

Методолошки овој труд е поделен на неколку дела:

1.Прибирање, селекција и одбирање на разните видови податоци (картографски во хартиена форма, како и прибирање и анализа на законската регулатива (правилници..)

2.Дигитализација на податоците (скенирање, геореференцирање и исцртување објекти)

3. Усогласување на добиените леери со постојните

4. Внесување атрибути

4.1 - Креирање атрибутивна табела во формат според правилник за подготовка на плановите

4.2. -Креирање атрибутивна табела со цел анализа на податоците

5 - Анализа на податоци

6 -Дискусија и заклучоци

За потребите на оваа диопломска се селектирани следните податоци:

- карта на фитоценози
- вегетациска карта со основна поделба на оддели и пододдели (jpg for.)
- леер граница на оддели и под оддели (chl. формат)
- податоци за одделение 1-6 (образец 2)
- податоци од обрасците
- образец - 1
- образец - 2

## Дигитализирање на карти



*Постапка геореференцирање и геоорефернцирана карта*

Внесувањето на атрибути е можеби најважниот момент при формирањето на базата на податоци. Токму од начинот на внесување на податоците зависи и можноста за понатамошна анализа.

За потребите на овој труд, се тестирани 2 основни пристапа:

- едниот кој е според класичните методи на работа и
- вториот според современите методи.

Атрибутите на класичен начин се изработуваат во табели со внесување на текстуални и нумерички податоци. Во ваков случај се добива аутпут исто како што е во правилник, но таквите податоци се речиси неупотребливи за натамошна анализа. Компјутерскиот софтвер не може да ги обработи така како што се дадени. Затоа овој пристап треба да се отфрли.




*Класичен начин*

Со внесување на атрибути по ќелии се добива излезен податок сосема поинаков од класичниот начин на податоци со што е сосема поинаков изгледот на претставување.

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 155 | Polygon | 0 | 13 a | | Ass.Querco - Carpinetum orientalis macedonicum | Cimentna | Silikato potello | 0,6 | | Makedonski dab |
| 156 | Polygon | 0 | 11 b | | Ass.Querco - Ostryetum carpinifoliae | Hromicni kambisol | Peridotiti i serpenti | 1 | | Dab blagun |
| 157 | Polygon | 0 | 12 v | | Ass.Querco - Carpinetum orientalis macedonicum | Cimentna | Peridotiti i serpenti | 0,6 | | Makedonski dab |
| 158 | Polygon | 0 | 12 b | | Ass.Querco - Ostryetum carpinifoliae | Hromicni kambisol | Peridotiti i serpenti | 0,7 | | Dab blagun |
| 159 | Polygon | 0 | 11 a | | Ass.Festuco heterophyllae - Fagetum | Kalkomelanosol | Masivni varovnici | 0,8 | | Bukva |
| 160 | Polygon | 0 | 10 v | | Ass.Querco - Ostryetum carpinifoliae | Cimentna | Peridotiti i serpenti | 1 | | Dab blagun |
| 161 | Polygon | 0 | 10 b | | Ass.Festuco heterophyllae - Fagetum | Cimentna | Silikato potello | 1 | | Bukva |
| 162 | Polygon | 0 | 10 a | | Ass.Querco - Carpinetum orientalis macedonicum | Cimentna | Silikato potello | 1,0 | | Makedonski dab |
| 163 | Polygon | 0 | 8 a | | Ass.Querco - Ostrietum cerris | Cimentna | Silikato potello | 0,8 | | Dab cer |
| 164 | Polygon | 0 | 8 b | | Ass.Querco - Ostryetum carpinifoliae | Kalkomelanosol | Masivni varovnici | 0,7 | | |
| 165 | Polygon | 0 | 8 v | 1 | | | | | | |
| 166 | Polygon | 0 | 9 v | 1 | | | | | | |
| 167 | Polygon | 0 | 9 v | | Ass.Querco - Ostrietum cerris | Cimentna | Silikato potello | 0,7 | | Dab cer |
| 168 | Polygon | 0 | 20 a | | Ass.Calamintho grandiflorae - Fagetum so Ela | Cimentna | Masivni varovnici | 1 | | Ela |
| 169 | Polygon | 0 | 15 b | | Ass.Calamintho grandiflorae - Fagetum so Ela | Cimentna | Silikato potello | 1 | | Ela |
| 170 | Polygon | 0 | 17 a | | Ass.Querco - Carpinetum orientalis macedonicum so Quercus macedonica | Hromicni kambisol | Peridotiti i serpenti | 0,0 | | Vroden gaber |
| 171 | Polygon | 0 | 18 a | | Ass.Querco - Carpinetum orientalis macedonicum so Quercus macedonica | Kalkomelanosol | Peridotiti i serpenti | 1 | | Makedonski dab |
| 172 | Polygon | 0 | 18 b | | Ass.Quercetum trojanae | Kalkomelanosol | Peridotiti i serpenti | 1 | | Makedonski dab |
| 173 | Polygon | 0 | 18 v | | Ass.Querco - Carpinetum orientalis macedonicum so Quercus macedonica | Hromicni kambisol | Peridotiti i serpenti | 0,9 | | Vroden gaber |
| 174 | Polygon | 0 | 9 b | | Ass.Querco - Carpinetum orientalis macedonicum Subass. Buxosum | Kambisol | Silikato potello | 0,6 | | Dab cer |
| 175 | Polygon | 0 | 9 v | | Ass.Querco - Carpinetum orientalis macedonicum | Cimentna | Silikato potello | 0,5 | 0,5 | Makedonski dab |
| 176 | Polygon | 0 | 7 a | 1 | | | | | | |
| 177 | Polygon | 0 | 7 a | | Ass.Querco - Ostrietum cerris | Cimentna | Masivni varovnici | 0,6 | | Dab cer |
| 178 | Polygon | 0 | 7 b | | Ass.Querco - Ostryetum carpinifoliae | | Masivni varovnici | 1 | | |
| 179 | Polygon | 0 | 6 a | | Ass.Querco - Ostrietum cerris | Kalkomelanosol | Silikato potello | 0,0 | | Dab cer |
| 180 | Polygon | 0 | 6 a | 1 | | | | | | |
| 181 | Polygon | 0 | 6 b | | Ass.Querco - Ostryetum carpinifoliae | Kalkomelanosol | Masivni varovnici | 1,0 | | Dab cer |
| 182 | Polygon | 0 | 5 v | | Ass.Querco - Ostrietum cerris | Hromicni kambisol | Masivni varovnici | 1 | | Dab cer |
| 183 | Polygon | 0 | 4 b | | Ass.Querco - Carpinetum orientalis macedonicum Subass. Buxosum | Kalkomelanosol | Plocesti varovnici | 0,5 | | Dab blagun |
| 184 | Polygon | 0 | 4 a | | Ass.Querco - Carpinetum orientalis macedonicum so Quercus macedonica | Hromicni kambisol | Peridotiti i serpenti | 0,5 | | Dab blagun |
| 185 | Polygon | 0 | 4 a | 1 | | | | | | |
| 186 | Polygon | 0 | 3 a | | Ass.Querco - Carpinetum orientalis macedonicum so Quercus macedonica | Hromicni kambisol | Peridotiti i serpenti | 0,5 | | Dab blagun |
| 187 | Polygon | 0 | 3 a | 1 | | | | | | |
| 188 | Polygon | 0 | 2 b | | Ass.Querco - Ostryetum carpinifoliae | Varovnicko dolomit | Masivni varovnici | 0,0 | 50 | Dab blagun |
| 189 | Polygon | 0 | 2 a | | Ass.Quercetum confertae - Cerris | Cimentna | Silikato potello | 0,9 | 15 | Dab plosnac |
| 190 | Polygon | 0 | 2 v | | Ass.Quercetum confertae - Cerris | Cimentna | Silikato potello | 1 | 1 | Dab plosnac |
| 191 | Polygon | 0 | 1 v | | Kultura od glatka vrba | Cimentna | Silikato potello | 0,2 | 34 | Duglazija |
| 192 | Polygon | 0 | 1 b | | Ass.Quercetum confertae - Cerris | Cimentna | Silikato potello | 0,2 | 15 | Dab plosnac |
| 193 | Polygon | 0 | 1 a | | Ass.Querco - Carpinetum orientalis macedonicum so Quercus macedonica | Kalkomelanosol | Masivni varovnici | 0,6 | 45 | Dab blagun |

*Организирана атрибутивна табела (мал дел)*






*Дигитализирани оддели и пододдели врз растерската карта како подлога*

*Секоја датабаза се состои од основни и специјални тематски области.*

*Основни теметски слоеви (датабаза) се оние кои се користат во сите можни области а тоа се основните топографски параметри, педолошки податоци, геолошки податоци, хидрографски податоци, климатски податоци.*

Доколку се направи леер со изохипси, некои топографските податоци (ТИН, наклон, аксопозиција...) лесно се добиваат со разни алатки во ГИС софтверот.




*Изохипси а врз нив оддели и поддодели*




ТИН модел




Експозиција на теренот




Наклон на терен

Некои основни теамстки карти (геолошка, педолошка, фитоценолошка...) обично се екстрахираат од основните такви карта на ниво на РМ или на некое подрачје.




Карта на матичен супстрат




Педолошка карта




Фитоценолошка карта

Доколку не постојат такви карти, тогаш мора да се внесе посебна колона во основната датабаза за секој параметер одделно. .

Штом датабазата е внесена во наведениот формат, по колони и редови за секој поддодел како и за секој елемент на насадот или месторастењето, тогаш може да се добијат разни аутпути првенствено карти. Еден пример е карта всушност некој вид лична карта на секој пододдел, која ги има сите податоци за него.




Лична карта на пододдел

Основната датабаза освен со податоци од обр.1 и обр.2 може да се надополни и со податоци од другите обрасци (тип на сеча, количина, тип на одгледувачка мерка, површина за пошумување, категорија на ризик од пожар итн .

Се разбира, за секој елемент одделно треба да се отвори посебна колона во атрибутивната табела. Така може автоматски да се добие карта по секој елемент што е внесен во атрибутивната база (пример, карта по стопански класи, карта по обраст, карта по дрвна маса итн). Единствено е неможно директно да се добие карта на насадите.

Од оваа дипломска произлегоа неколку заклучоци:

- Со внесувањето на голем број различни податоци во една ќелија (пример образец 2) што е според важечката легислатива отпаѓа можноста за сите овие анализи што ги спомнавме.
- Доколку се внесуваат податоци по ќелии, во тој случај резултатот е поинаков и не е според важечките стандарди. Некои од нумеричките и текстуалните податоци од образец 2, би требало да отпаднат бидејќи по обратен пат се добиваат без внесување во атрибутивна табела на такви податоци. Со вакви добиени карти може да кажеме повеќе отколку со една реченица во образецот.

# Доброутро Мои Борчиња

***На добрите дела секогаш со задоволство ќе се сеќаваме. Крушевчани го негуваат споменот на Марисав Јоксимовиќ, кој прв го донел црниот бор во Крушево изведувајќи ја првата пошумувачка акција.***



**Маре БЛАГАДУША**

*„Доброутро мои борчиња! Како ја минавте ноќта? Дали некој ве вознемирил или повредил...“*

Вака секое утро ги поздравуваше младите борови фиданки, први во овој крај, нивниот создател Марисав Јоксимовиќ, претседател на бившиот Срески суд во Крушево, во периодот од 1934 до 1941 година. Ова е, секако, приказна за почит, но да приидеме со ред...

Споменувањето на Крушево во кој било контекст, само по себе нè наведува да помислиме на изобилство шуми и друго зеленило.

Тоа е и разбирливо ако се има предвид дека Крушево е незамисливо без неговата надалеку позната Корија, или, подобро речено, без неговите кории, зашто во околината ги има повеќе.

Дел од тие шуми, без сомнение се постари и од Крушево, а сепак ги преживеале бурните настани низ вековите и успешно се зачувани до денешни времиња да ја красат околината на ова убаво гратче.




За култот што крушевчани традиционално го негуваат кон својата шума најдобро сведочи следниов податок: со цел да се заштити од немилосрдното сечење, Крушевската Корија, во турско време, од страна на локалното население била прогласена за „вакавски имот“.

Официјално или не - сеедно, се покажало дека ваквото верско својство што и' било дадено на Коријата си ја одиграло својата улога, така што истата била поштедена од дрвокрадство и од други зулуми карактеристични за тоа време.

Коријата околу градот, како и онаа кај Детското одморалиште „Шула Мина“, позната уште и под името Демир Корија, денес се обележја на Крушево со неизмерна вредност, а за нивна заштита се преземаат најстроги мерки.

Зборувајќи за кориите, како и за другите околни шумски пространства од постар датум на постоење, всушност мислиме на букуви и дабови шуми, или пак на шуми со мешовит состав главно од листопадни видови дрвја.

Но, кога станува збор за четинарите, приказната е поинаква. Во Крушевско, иглолисните шуми, меѓу кои, според видовата застапеност доминира црниот бор, се појавуваат во поново време и се резултат на организираното пошумување на голините.
Првиот боров насад во Крушево е подигнат во доцните триесетти години на 20-от век.

На површина од околу 2,5 ха ова пошумување го извршил познатиот љубител на природата Марисав Јоксимовиќ, кој во периодот од 1934 до 1941 година бил претседател на тогашниот Срески суд во Крушево.

Со сета своја упорност тој вложил неколкугодишен труд во негување на младите борови садници, први во овој крај, посетувајќи ги секој ден без исклучок и надгледувајќи го нивниот развој.





Со својот пример, тој го предизвикал истиот ентусијазам и кај други напредни граѓани на Крушево, така што, пошумувањето со четинарски видови во овој крај наскоро станува редовна доброволна активност на населението. Марисав Јоксимовиќ со тоа зад себе остава добро дело по кое долго ќе се памети. Денес, на месноста Гумења се издига веќе оформена парк-шума со борови стари над 70 години, покрај која крушевчани со задоволство си прават попладневни и вечерни прошетки.

Во знак на благодарност кон Марисав Јоксимовиќ, во 1971 година, на самиот раб на парк-шумата подигнато е спомен обележје со пригоден текст. Спомен-плочата, граѓаните и гостите на Крушево ги потсетува на доброто дело на овој благороден човек, кој својот екологистички став кон природната околина на најдобар начин го изразил токму овде, пред повеќе од 70 години.

# ВАДРА-ПРОДУКТ

извоз-увоз ДОО Скопје
ул.шидска 2, тел/факс: +389 2 2050 317; 2031 497; 2037 229

## РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ ЗА ТОВАРНИ МОТОРНИ ВОЗИЛА

IMK 14.oktobar
FaD
Industrija Precizne Mehanike
Proizvodjac sistema za napajanje motora gorivom
БЕЛАРУС
RUEN
Continental
CONTITECH
FAP
FAG
SACHS
BOSCH
SKF
GOETZE MOTORENTEILE
KOLBENSCHMIDT
Iskra
MAN
DEUTZ
COBEST
FEDERAL MOGUL
IMT
IVECO
WABCO

## ТРАКТОРИ-ЗЕМЈОДЕЛСКА МЕХАНИЗАЦИЈА И ГУМИ




e-mail: vadraprodukt@yahoo.com

# ВАДРА-ПРОДУКТ

извоз-увоз ДОО Скопје
ул.шидска 2, тел/факс: +389 2 2050 317; 2031 497; 2037 229




Sinpeks, str. Grcki Pat bb, 7000 Bitola Phone: +389 47 208500, Fax: +389 47 208515, E-mail: sinpeks@mt.net.mk

Техномак **Неготино** 043/362-701,075 420-383, Пила-С **Куманово** 031/429-204, Деспотовски **Битола** 047/231-245, Делфифи **Ресен** 047/454-600, Медивет **Охрид** 070 304-224, Феропромет **Струга** 046/780-926, Автомасини **Кичево** 045/220-735,Агроголд **Гостивар** 070 314-149, Агропал **Тетово** 044/333-480, Баухаус **Тетово** 044/339-259, Реплек и Хубо **Скопје** 02/309-6107, Меркур **Скопје** 02/321-9701, Вего **Велес** 043/224-323, Елмако **Кавадарци** 071 250-327, Милпром **Прилеп** 048/412-991, Теодул **Прилеп** 048/414-860, Сервис Електроник **Прилеп** 070 259-006, Континентал **Штип** 032/390-728, Томче Спорт **Кочани** 071 887-817, Јуроп92 **Виница** 033/364-120, Манов **Делчево** 033/413-512, Зоја **Берово** 033/470-354, Шкуљ **Струмица** 034/328-567, Најкпром **Струмица** 075 468-450, Ирис **Валандово** 032/391-313, Интер Комерц **Гевгелија** 034/213-872